| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура-крстосница со кружен тек помеѓу регионалниот пат Р1204 и врска со магистралниот пат А2 Куманово, КО Куманово, општина Куманово |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Тајфа Архитекти ДООЕЛ Куманово |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Министерство за транспорт |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | М-р. Стефан Лазаревски, диа |
| **Назив на работното место** | Планер |
| **Контакт податоци за лицето** | Ул. Живко Чало бр. 23, Куманово<br>070/511-131 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура – крстосница со кружен тек помеѓу регионалниот пат Р1204 и врска со магистралниот пат А2 Куманово, КО Куманово, Општина Куманово, ќе се изработи врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со:<br>• Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.32/20);<br>• Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.225/20, 219/21 и 104/22);<br>• Законот за градење (Сл. Весник на РМ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16,132/16, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20 и 279/20). |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| Да X<br>Не |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| Предметниот проектен опфат ќе биде разработен во дел согласно условите за планирање на просторот издадени од Агенцијата за планирање на просторот, а во дел во согласност со постојните проектно-плански и технички решенија утврдени со важечката планска и планско проектна документација.<br>Врз основа на горе наведеното, проектниот опфат има вкупна површина од 3,29ха, од кои 2,23ха не биле предмет на предходно планирање, односно за истите ќе бидат покриени со Услови за планирање на просторот согласно Просторниот план на Република Македонија, додека останатиот дел од прокτниот опфат е дел од предходно планирана сообраќајна инфраструктура со следните планови:<br>• Измена на дел од УПС Карпош, УБ 14, Општина Куманово (2006-2016) и<br>• УПВНМ за стопански комплекс, с. Долно Коњаре, Општина Куманово (2006-2016).<br>Во непосредна близина на предметниот проектен опфат, поточно од јужната страна е границата на Генералниот урбанистички план на град Куманово, 2002-2012.<br>Врз основа на дописот од Агенцијата за планирање на просторот, бр.0804-1587/2 од 04.11.2022 година, проекниот опфат на предметниот Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура – крстосница со кружен тек помеѓу регионалниот пат Р1204 и врска со магистралниот пат А2 Куманово, КО Куманово, Општина Куманово целосно навлегува во опфат на веќе издадени услови за планирање на просторот со тех.бр. Y14020 за изработка на ГУП на град Куманово, општина Куманово. За овие услови за планирање на просторот издадено е и Решение од Министерството за животна средина и просторно планирање бр. УП1-1518/2021 од 14.01.2021 година. Соодветно на тоа, делот кој не е опфатен со важечка планска докуементација од предметниот урбанистички проект, ќе се изработи врз основа на веќе издаените и погоре-цитираните Услови за планирање на просторот, а во со согласност со член 42, став 5, алинеа 1 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.32/20). |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| ДА – просторно и урбанистичко планирање. |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** |

| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
|---|---|---|---|

| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
|---|






| |
|---|
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да √<br>Не |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да<br>Не √ |
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика** |

| |
|---|
| Не. |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| Проектниот опфат има вкупна површина од 3,29ха, од кои 2,23ха не биле предмет на предходно планирање, односно за истите ќе бидат покриени со Услови за планирање на просторот согласно Просторниот план на Република Македонија, додека останатиот дел од прокtниот опфат е дел од предходно планирана сообраќајна инфраструктура со следните планови:<br>• Измена на дел од УПС Карпош, УБ 14, Општина Куманово (2006-2016) и<br>• УПВНМ за стопански комплекс, с. Долно Коњаре, Општина Куманово (2006-2016).<br>Во непосредна близина на предметниот проектен опфат, поточно од јужната страна е границата на Генералниот урбанистички план на град Куманово, 2002-2012.<br>Со Урбанистичкиот проект се дефинира и основната класата на намена на проектниот опфат, согласно Член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и намената е утврдена како:<br>Инфраструктури - група на класа на намени Е:<br>Сообраќајни, линиски и други инфраструктури - класа на намена Е1:<br>• Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури: крстосница со кружен тек.<br>Земјиштето опфатено со проектниот опфат на предметниот урбанистички проект го задржува статусот на земјоделско, шумско или друго земјиште што го имало и пред изработката и одобрувањето на овој урбанистичкиот проект.<br>Со предметниот урбанистички проект се предвидува изградба на крстосницата со кружен тек помеѓу регионалниот пат Р1204 и врска со магистралниот пат А2 Куманово. |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Развојот на инфраструктурните системи претставува значајна детерминанта на економскиот развој. Урбанистичкиот проект, има крајна цел преку:<br>• максимално вклопување на инфраструктурата со теренот<br>• почитување и заштита на правото на човекот на работа<br>• пошитување и валоризација на културното и градителското наследство<br>• вградување на мерки за заштита на природата и животната средина<br>• вградување на мерки за заштита и спасување<br>• почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето и уредувањето на просторот<br>• почитување на законските прописи за дадената намена.<br>Проектот ќе има функција на обезбедување ефикасен, рационален и одржлив сообраќаен пристап на градежното земјиште, формирано со плановите во непосредна близина на предметниот проектен опфат. |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 2024 година. |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| / |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура – крстосница со кружен тек помеѓу регионалниот пат Р1204 и врска со магистралниот пат А2 Куманово, КО Куманово, Општина Куманово, зафаќа површина од 32940,22м² (П≈3,29ха) и неговата местоположба е ограничена на површината на катастарските парцели КП бр. 7213, 7212, 7211, 7201, 7206/2, 7206/1, 7206/3, 7202/3, 7202/4, 7219/2, 7218/2, 7217/2, 7216/2, 7216/1, 7215, 7242/2 и делови од катастарските парцели КП бр. 7214, 26151, 7209, 26165/1, 7200/2, 7200/3, 7202/1, 7202/5, 7206/5, 7205/2, 7205/1, 7205/3, 7204/2, 7204/1, 7203/11, 7203/1, 7203/2, 26163, 7220, 7219/4 и 7219/1, КО Куманово. |

| | |
|---|---|
| **значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** | |
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од:<br>• Раскопување, движење на механизацијата, складирање на материјали на несоодветни локации;<br>• Градежните активности, движењата на камионите и механизацијата може да предизвикаат повисоки нивоа на бучава;<br>• Евентуални пропуштања и истекувања на масло од возилата или опремата;<br>• Создавање на различен вид на отпад (вегетација, комунален отпад, градежен отпад, асфалт итн). | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;** | Со реализацијата на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот.<br>При реализација на содржините во планскиот опфат предвидени со планската документација особено во конструктивната фаза ќе се генерираат емисии во воздухот од градежните активности и од механизацијата, отпад, бучава, вибрации, несакани истекувања и сл. кои може да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на луѓето, воздухот, водата, почвата, пределот и сл.<br>Овие влијанија се оценуваат како можни, локални, повратни и неповратни, краткорочни влијанија. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата;** | Нема. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);** | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи, пожари и хаварии. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).** | Вкупниот број на население во Општината според Пописот од 2021 година изнесува 98.104 жители. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, туризмот и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот.<br>Поволната географската положба и живописното опкружување, добрите микроклиматски услови, отвореноста на просторот кон далечни пространи видици со Општината и пошироко со регионот, одат во прилог на идејата за реализација на овој план. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка на |

| | |
|---|---|
| | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура-крстосница со кружен тек помеѓу регионалниот пат Р1204 и врска со магистралниот пат А2 Куманово, КО Куманово, општина Куманово нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>Во планскиот опфат нема евидентирано културно наследство. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Проектниот опфат се наоѓа вон градежен реон и во рамки на истиот нема изградено постојни објекти, додека во однос на сообраќајна и комунална инфраструктура и супраструктура, во рамки и во непосредна близина на проектниот опфат изведени се постојни телекомуникациски и електроенергетски инсталации.<br>Согласно допис од Јавното претпријатие за државни патишта бр. 10-10177/2 од 25.10.2022 година, низ предметниот проектен опфат поминува магистралниот пат А2 (М-2) и регионалниот пат Р1204 (Р-201). |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Со донесувањето на овој план ќе следат и поголеми странски и домашни инвестиции од различни сфери од економијата. Со планот се создаваат предуслови за развој на локалната економија и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање данок на имот што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа.

Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Имплементацијата на планската содржина предвидена со планот со контролирани емисии во медиумите од животната средина ќе допринесе за стопански развој во општина Куманово, од аспект на приходи од комунални такси и даноци, зголемено вработување и намалување на невработеноста и сл.

Но, од аспект на животната средина во оперативната фаза на објектите може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:

Воздух: зголемена фрекфенција на возила, работни активности;

Бучава: зголемено ниво на бучава од градежната механизација;
Вода: на предметната локација ќе се генерираат санитарни. Несоодветното третирање на отпадните води може да го наруши квалитетот на површинските и подземните води, како и квалитетот на почвата. Користењето на монтажни тоалети ќе го спречат загадувањето на подземните води и почвата;
Природно и културно наследство: на предметната локација не е евидентирано културно наследство;
Пејсаж: планираното подрачје претставува предел со природни, пејсажни карактеристики;
Отпад: генерирање на отпад.
Во стратегиското планирање акцентот на економскиот развој треба да се стави на контролирани емисии во медиумите, одржливо искористување на ресурсите и отпадот и примена на мерки за енергетска ефикасност. Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:

- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;
- Допринос во локалната и национална економија.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**
Неправилно управување со отпадот може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**
Овој план е поврзан со:

- Просторен план на РМ;
- ЛЕАП за општина Куманово;
- Национален план за управување со отпад;
- Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;
- Национална стратегија за одржлив развој;
- Втор национален еколошки акционен план на РМ;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;
- Стратегија за мониторинг на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**
Опфатот не бил разгледуван во друг плански документ и за истиот нема претходно спроведено стратегиска оцена.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**
Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата

<table>
<tr><td colspan="2">врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.</td></tr>
<tr><td>ИЗЈАВА</td><td>Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.</td></tr>
<tr><td>Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот</td><td>Министер<br>Александар Николоски</td></tr>
<tr><td>Бр. 67-723/2<br>Датум: 24-01-2024 година<br>Место: Скопје</td><td>М.П.</td></tr>
</table>